**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Бр. 25-6160/3
03-08-2012 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08), постапувајќи по барањето на ПАУЕР СПОРТ СИСТЕМ ДОО Скопје бр.25-6160/1 од 11.07.2012 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. Се овластува ПАУЕР СПОРТ СИСТЕМ ДОО Скопје за вршење на стручните технички работи во постапка за единечно одобрување на возило од категориите L, M, N и O и одобрување на преправено возило од категориите M, N и O за следните инспекциски места:
- ЦИВ 1 „ПСС – Пинтија" – Скопје, ул Првомајска бб;
- ЦИВ 2 „ПСС – Подружница Усје" - Скопје, ул Првомајска бб;
- ЦИВ 3 „ПСС – Подружница Скупи" – Скопје, на ул Скупи бб;
- ЦИВ 4 „ПСС – Подружница Струга" с.Дрслајца - Струга;
- ЦИВ 5 „ПСС – Подружница Радовиш", на ул Индустриска бб;
- ЦИВ 6 „ПСС – Здружение на возачи Штип", на ул.Железничка бр.4;
- ЦИВ 7 „ДТИА Центар за возила ДОО, Крива Паланка", на ул.Маршал Тито бб;
- ЦИВ 8 „ДТП Серво волан ДООЕЛ Валандово", на ул.Првомајска бб;
- ЦИВ 9 „Центар за возила ЦВГ ДООЕЛ Гевгелија", на ул.7-ми Ноември бр.58;
- ЦИВ 10 „Центар за возила ЦВО, Охрид ДОО", на ул.15-ти Корпус бр.292;
- ЦИВ 11 „Здружение на возачи Берово", на ул. Струмички пат бб; и
- ЦИВ 12 „СВЗИ Аутофер Куманово", с.Бедиње - Куманово.

2. Решението за овластување за техничка служба бр.25-4634/3 од 20.09.2011 година. престанува да важи.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

О б р а з л о ж е н и е

ПАУЕР СПОРТ СИСТЕМ ДОО Скопје, до Министерството за економија поднесе барање бр.25-6160/1 од 11.07.2012 година со кое бара овластување за техничка служба за вршење на работите:

а) - единечно одобрување на возило од категориите L, M, N и O, согласно член 2 став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11 и 84/12) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.21/10) за инспекциските места како што се наведени во диспозитивот; и

б) - одобрување на преправено возило од категориите M, N и O, согласно член 7 став (1) точка 1 (ТНГ) и 13 од Правилникот за преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија" бр.7/10) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, за инспекциските места како што се наведени во диспозитивот.

... овластување за вршење дејност - техничка служба од органот за одобрување – Бирото за метрологија бр.1509-11449/2 од 23.07.2012 година;
- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-026, заведено од 20.06.2012 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија;
- Доказ за упис во Централниот регистар на Република Македонија бр.30120120001585 од 01.02.2012;
- Копии од обрасците М1/М2 за дипл. маш. инж.- насока механизациони машини и возила Сашко Кимов, дипл. маш. инж.- насока механизациони машини и возила Горан Спиркоски, дипл. маш. инж.- насока индустриско инженерство Стојков Сашко, дипл. маш. инж по заштита при работа Борота Миле, дипл. електро. инж. Лозаноски Благоја маш. инж. - насока механизациони машин Јовановиќ Вукашин, контролор во станица за технички преглед Цветковски Душко, контролор во станица за технички преглед Маркоски Климче, контролор во станица за технички преглед Кажиќ Михајло и контролор во станица за технички преглед Анѓелески Илија;
- Договори за деловен простор за Инспекциските места ЦИВ 1 „ПСС – Пинтија“ - Скопје; ЦИВ 2 „ПСС – Подружница Усје - Скопје“; ЦИВ 3 „ПСС – Подружница Скупи - Скопје“; ЦИВ 4 „ПСС – Подружница Струга“; ЦИВ 5 „ПСС – Подружница Радовиш“; ЦИВ 6 „ПСС – Здружение на возачи Штип“; ЦИВ 7 „ДТИА Центар за возила ДОО, Крива Паланка“; ЦИВ 8 „ДТП Серво волан ДООЕЛ Валандово“; ИВ 9 „Центар за возила ЦВГ ДООЕЛ Гевгелија“; ЦИВ 10 „Центар за возила ЦВО, Охрид ДОО“; ЦИВ 11 „Здружение на возачи Берово“; и ЦИВ 12 „СВЗИ Аутофер Куманово“.
- Известување за располагање на опрема за испитување на возила бр.03-1099/1 од 24.07.2012 година,
- Доказ за склучен договор за осигурување бр.087692 од 07.12.2011 година,
- Доказ за позитивен бонитет бр.0904/08/2971 од 05.06.2012 година од Централен регистар на Република Македонија;

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, утврди дека барањето е основано.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10, 145/10, 17/11 и 84/12) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение незадоволната странка има право да изјави жалба во рок од 15 дена до Државната комисија и одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

***МИНИСТЕР,***
***Ваљон Сараќини***